Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 04-316/2
16.06.25
С К О П Ј Е

Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ – СКОПЈЕ
N.P. PARKINGU I QYTETIT – SHKUP

Врз основа на член 37- е и 37 - и од Закон за јавните претпријатија (Сл.весник на РМ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и Сл.весник на РСМ бр.257/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 20 - г од Закон за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Сл.весник на РСМ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 22 и 23 од Закон за работните односи (Сл.весник на РМ бр.167/15-пречистен текст и Сл.весник на РМ бр.27/16, 120/18 и 110/19 и Сл.весник на РСМ бр.267/20, 151/21, 288/21, 111/23 и 39/25), Правилник за вработување, унапредување и распоредување на друго работно место за даватели на јавни услуги со арх.бр.02-222/7 од 14.06.2017 година, а согласно Годишен план за вработување за 2025 година на ЈП Градски паркинг-Скопје со арх.бр.04-75/1 од 15.01.2025 год, и поради зголемен обем на работа во претрпијатието, ВД Директорот на ЈП Градски паркинг - Скопје објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС 02/2025
## за вработување на даватели на јавна улсуга на неопределено време во ЈП Градски паркинг-Скопје

**1. Инкасант – наплатувач (зтворени јавни паркиралишта) во Одделение јавни паркиралишта - Сектор јавни паркиралишта, со шифра КДР 03 05 Б04 101, 1 ( еден ) извршител,**

**Општи услови**

- Да е државјанин на Р. Северна Македонија (се докажува со државјанство),
- Активно да го користи македонскиот јазик
- Да е полнолетен
- Да има општа здраствена способност за работното место ( се докажува со лекарско уверение)
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност ( се докажува со потврда од Основен суд или од Централен регистар на РСМ).

**Посебни услови**

- стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование.
- за нивото Б4 со или без работно искуство во струката.

**Распоред на работно време**

- Работни денови од понеделник до недела, сменско работно време прва смена од 07:00 до 15:00 часот, втора смена од 14:00 до 22:00 часот, трета смена од 22:00 до 07:00 часот, работна организација 24/7 – прва смена 07:00-19:00 часот и втора смена 19:00 до 07:00 часот.
  Работни часови неделно 40 часа

**Паричен нето износ на плата** 30.872,00 денари

**2. Контролор на паркирањето во Одделение јавни паркиралишта - Сектор јавни паркиралишта, со шифра КДР 03 05 Б02 050, 2 ( два ) извршители,**

**Општи услови**

- Да е државјанин на Р. Северна Македонија (се докажува со државјанство),
- Активно да го користи македонскиот јазик
- Да е полнолетен
- Да има општа здравствена способност за работното место (се докажува со лекарско уверение)
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност ( се докажува со потврда од Основен суд или од Централен регистар на РСМ).

**Посебни услови**

- стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование.
- нивото Б2 најмалку две години работно искуство во струката.

**Распоред на работно време**
Работни денови од понеделник до сабота, сменско работно време прва смена од 07:00-15:00 часот, втора смена од 14:00-22:00 часот, сабота од 07:00-15:00 часот,
Работни часови неделно 40 часа

**Паричен нето износ на плата:** 35.020,00 денари

**Кандидатите доставуваат пријава која треба да ја содржи следната содржина:**
1. Лични податоци за кандидатот
2. Податоци за исполнување на опшите услови
3. Податоци за исполнување на посебните услови
4. Изјава со потврда дека податоците содржани во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригиналот
5. Дата на пријавување и потпис на кандидаот

Приложените документи кон пријавата се во оригинал или копија заверени на нотар.
Пријавата може да се превземе од веб страницата на ЈП Градски паркинг – Скопје.

Документи кои треба да ги приложи заедно со пријавата

- Уверение за државјанство (оригинал или фотокопија заверена на нотар)
- Уверение за општа здраствена способност Лекарско уверение
- Свидетелства од I до IV година средно образование и диплома за завршено средно образование (оригинал или фотокопии заверени на нотар)
- Доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност ( се докажува со потврда од Основен суд или од Централен регистар на РСМ).
- Доказа за работно искуство

Секој заинтересиран кандидат кој ги исполнува горенаведените услови може да ја достави својата пријава (со приложени потребни документи) во седиштето на ЈП Градски паркинг-Скопје (Архива) или по пошта на ул. Македонија бр.11а Скопје – Центар, во рок од 15 (петнаесет ) дена, сметано од денот на објавување на јавниот оглас во дневен печат.
Сите доставени информации ќе се третираат како строго доверливи
Задоцнетите и некомплетни пријави нема да бидат земени во предвид

ВД Директор на
ЈП Градски паркинг-Скопје
Мартин Гаврилски